ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-124/10
Датум: 06.06.2022
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош**

Повторната Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош, ќе се одржи од 14.06.2022 до 20.06.2022 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Повторната Јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош, ќе се одржи на 16.06.2022 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Површината на планскиот опфат за Детален урбанистички план за Градска Четврт ССЗ 02 Блок 04 Општина Карпош - Скопје, плански период 2019-2024, изнесува 53,12 ха (531.189,5260 м2) и е со следната граница на плански опфат:

- На северната страна со новопланирана сервисна улица „С1" и градска магистална булевар„Словенечка".
- На запад Новопланираната сервисна улица „С2";
- На јужната страна со сервисна улица „С3" улица „Скупи" и градска маистрална улица „8-ми Септември".
- На исток новопланирана сервисна улица „С4".

Анкетните листови за учество на повторната Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на повторната Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*